ЗАКОН ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Службен В. на Р.М. бр: 23/2011 од 24.02.2011

Влегува во сила на: 04.03.2011

Се применува до: **04.03.2021**

Измени Сл.В. на Р.М.:
54/2011; 155/2012; 53/2013; 72/2013; 44/2014; 115/2014; 199/2014; 124/2015; 129/2015; 217/2015; 31/2016; 190/2017; 174/2021;

Извор: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Консолидиран текст**
**- актуелен**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Предмет на законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти.

### Член 2

(1) Под бесправно изградени објекти, во смисла на овој закон, се подразбираат објекти од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон, објекти од локално значење согласно со Законот за градење и објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита кои се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење, како и делови (доградби и надградби) на објектите од значење за Републиката и од локално значење и на објектите на здравствените установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, кои се изградени без одобрение за градење или спротивно на одобрението за градење, во и надвор од плански опфат (во натамошниот текст: бесправни објекти).
(2) Под објекти од локално значење, во смисла на овој закон, покрај објектите од ставот (1) на овој член се подразбираат и помошни градби (гаража, остава) кои се во функција на објект за домување или друг вид на објект, базени на ниво на терен за индивидуална употреба (градби за кои согласно со Законот за градење градоначалникот на општината издава решение за изведување на градбата), времени објекти наменети за домување, објекти за примарна обработка на земјоделски производи (освен настрешници и објекти за времено сместување) согласно со Законот за земјоделско земјиште кои се изградени на градежно земјиште, како и објекти, односно посебни делови од објекти пренаменети без одобрение за пренамена.
(3) Предмет на овој закон се бесправните објекти од ставовите (1) и (2) на овој член на кои до денот на влегувањето во сила на овој закон се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна и функционална целина. Доколку одредени делови, односно нивоа од бесправниот објект не се функционална целина, тие делови не се предмет на утврдување на правен статус и за истите може да се води постапка за добивање одобрение за градење согласно со Законот за градење, ако по извршеното вклопување на делот од објектот за кој е донесено решение за утврдување на правен статус, се предвидуваат услови за идна градба.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 01.03.2016 >>*

### Член 2-а

(1) Предмет на овој закон не е кабелска канализација во која се поставени електронски комуникациски мрежи и средства.
(2) Кабелската канализација од ставот (1) на овој член се запишува во јавната книга за запишување на правата на недвижности со право на сопственост на Република Северна Македонија врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## 2. Утврдување на правен статус на бесправен објект

### Член 3

(1) Под утврдување на правен статус на бесправен објект се подразбира запишување на бесправните објекти од значење за Републиката, бесправните објекти од локално значење и бесправните објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита во јавната книга за запишување на правата на недвижности и вклопување на истите во урбанистичко-планската документација, односно запишување на бесправните објекти изградени на земјиште на кое согласно со важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура, бесправните објекти изградени во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера, линиските инфраструктурни објекти и електронските комуникациски мрежи и средства во јавната книга за запишување на правата на недвижности согласно со закон.
(2) Под урбанистичко-планска документација во смисла на овој закон, се подразбираат урбанистички планови и урбанистичко-плански документации утврдени со Законот за просторно и урбанистичко планирање.
(3) Под сообраќајна инфраструктура во смисла на овој закон, се подразбира примарна и секундарна мрежа на улици, утврдени согласно со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 31.07.2015; Се применува од 01.08.2015 >>*

## 3. Надлежни органи

### Член 4

(1) Постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект ја спроведуваат органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот и единиците на локалната самоуправа.
(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот ја спроведува постапката за утврдување на правен статус на објекти од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон, на објекти на здравствените установи за терцијална здравствена заштита и за електронските комуникациски мрежи и средства, а единиците на локалната самоуправа за објектите од локално значење согласно со Законот за градење и за објектите на здравствените установи за примарна и секундарна здравствена заштита.

# II. ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВЕН ОБЈЕКТ

## 1. Барање за утврдување на правен статус

### Член 5

(1) За утврдување на правен статус на бесправен објект се поднесува барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од страна на иматолот на бесправен објект до единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е изграден бесправниот објект, односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(2) Рокот за поднесување на барање за утврдување на правен статус изнесува шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(3) Формата и содржината на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

### Член 5-а

Доколку барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект се однесува на повеќе објекти, се спроведува посебна постапка за утврдување на правен статус за секој бесправен објект.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 18.12.2012 >>*

### Член 5-б

(1) Промена на барател за утврдување на правен статус на бесправен објект се врши врз основа на барање за промена на барател, најдоцна до донесување на решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, само за бесправен објект за кој е поднесено барање за утврдување на правен статус.
(2) Барање за промена на барател може да поднесе правно и физичко лице кое се стекнало со правото врз бесправниот објект за кој е поднесено барањето за утврдување на правен статус врз основа на судска пресуда или врз основа на заклучок за извршена продажба донесен согласно Законот за извршување, физичко лице кое со оставинско решение е прогласено за наследник на физичкото лице кое го поднело барањето за утврдување на правен статус на бесправниот објект за кој се однесува барањето за промена на барател, а во случаите кога барањето за утврдување на правен статус се однесува за бесправен дел од објект (доградба или надградба) и лицето кое со договор за купопродажба, договор за дар, договор за отстапување на имот за време на живот или договор за доживотна издршка се стекнало со право на сопственост на објектот кој е запишан во имотен лист, доколку со договорот е утврдено дека се стекнува и со правото врз бесправниот дел од објектот за кој е поднесено барањето за утврдување на правен статус.
(3) Кон барањето за промена на барател се доставува:
- уверение за државјанство или копија од лична карта односно копија од патна исправа за странско физичко лице односно извод од Централен регистар за правно лице (за подносителот на барањето за промена на барател за утврдување на правен статус) и
- правосилна судска пресуда или заклучок за извршена продажба донесен согласно Законот за извршување со кои подносителот на барањето за промена на барател се стекнал со правото врз бесправниот објект за кој е поднесено барањето за утврдување на правен статус или оставинско решение за прогласен наследник на физичкото лице кое го поднело барањето за утврдување на правен статус на бесправниот објект или договор за купопродажба или договор за дар или договор за отстапување на имот за време на живот или договор за доживотна издршка врз основа на кој подносителот на барањето за промена на барател кој се стекнал со правото на сопственост на објект кој е запишан во имотен лист, се стекнал и со правото врз бесправен дел од истиот објект (доградба или надградба) за кој е поднесено барањето за утврдување на правен статус.
(4) Подносителот на барањето за промена на барател покрај доказите од став (3) на овој член е должен да ги достави и другите докази кои согласно овој закон треба да се приложат кон барањето за утврдување на правен статус, доколку истите претходно не се доставени од страна на подносителот на барањето за утврдување на правен статус.
(5) По барањето за промена на барател за утврдување на правен статус се одлучува со заклучок, против кој е дозволена посебна жалба.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 19.12.2015 >>*

## 2. Содржина на барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти

### Член 6

(1) Подносител на барање за утврдување на правен статус може да биде физичко лице -државјанин на Република Северна Македонија, правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија и институции кои се иматели на бесправните објекти. Странски правни и физички лица можат да бидат баратели, доколку ги исполнуваат условите за стекнување на право на сопственост утврдени со Законот за сопственост и други стварни права.
(2) Барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење за Републиката, објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита и објекти од локално значење освен електронски комуникациски мрежи и средства и линиски инфраструктурни објекти да достави:
- уверение за државјанство или копија од лична карта за домашно физичко лице, односно копија од патна исправа за странско физичко лице, а за домашно и странско правно лице, извод од Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно од соодветната институција во државата во која странското правно лице има седиште,
- доказ за приклучок на комунална инфраструктура и/или сметки за јавни услуги (струја, вода итн.), а доколку бесправниот објект нема инфраструктурни приклучоци, изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон и
- геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект.
(3) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е

изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член е должен да достави и договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот.
(4) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба, на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот, барателот е должен покрај доказите од ставот (2) на овој член да достави и договор за купопродажба на земјиштето и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека барателот или лицето чиј наследник е барателот го имаат купено земјиштето од поранешниот сопственик и истото го користат повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот.
(5) Доколку во случајот од ставот (4) на овој член постои неусогласеност на броевите на катастарските парцели кои се наведени во договорот за купопродажба и во имотниот лист, барателот е должен да достави и уверение за идентификација на катастарската парцела издадено од Агенцијата за катастар на недвижности.
(6) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Северна Македонија, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член, е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.
(7) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште со незапишани права, надлежниот орган по службена должност доставува барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спроведување на соодветна постапка за запишување на правата врз предметното земјиште, согласно со Законот за катастар на недвижности, која постапка Агенцијата за катастар на недвижности ја спроведува по службена должност.
(8) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден на земјиште со нерасчистени имотни односи, поради тоа што не е спроведена оставинска постапка, барателот е должен покрај доказите од ставот (2) на овој член да достави и известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за предметното земјиште.
(9) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус за станбени згради за колективно домување, потребно е барањето да е поднесено од заедницата на станари или да е потпишано од повеќе од половината иматели на стан во зградата при што покрај доказите од ставот (2) на овој член се доставува и список на станари, договори за купопродажба на становите во зградата, како и уверение за државјанство или копија од лична карта од сите иматели на стан во зградата. За утврдување на правен статус на делови (доградби и надградби) на станбени згради кои се бесправно изградени, подносител на барање за утврдување на правен статус е имателот на делот кој е бесправно изграден.
(10) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита како и бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера, барателот е должен покрај доказите од ставот (2) на овој член да достави и изјава заверена на нотар, дадена под материјална и кривична одговорност, со која барателот ќе потврди дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект на негова одговорност и нема да бара надоместок на штета од надлежен орган при настанување на евентуална штета поради елементарна непогода како и дека ќе ја надомести секоја штета врз животната средина настаната од влијанието на предметниот објект.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### 3. Содржина на барањето за утврдување на правен статус на бесправни објекти кои се линиски инфраструктурни објекти

### Член 7

(1) За утврдување на правен статус на бесправни објекти кои се линиски инфраструктурни објекти, барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус да достави:

- извод од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- доказ за извршени градежни работи или потврда од барателот или изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност од барателот дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон,
- геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен надземен линиски инфраструктурен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден објектот, односно геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен подземен линиски инфраструктурен објект без имотен лист за земјиштето под кое е изграден објектот и
- изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека објектот е функционална целина и може да се употребува.
(2) Доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, барателот покрај доказите од ставот (1) на овој член е должен да достави и договор за долготраен закуп на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект или потврда за решени имотноправни работи за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект издадена од органот на државна управа надлежен за имотноправните работи.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, доколку бесправниот објект е изграден на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправниот објект е изграден на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на
барателот или нема доставено потврда за решени имотноправни работи за земјиштето издадена од органот на државна управа надлежен за имотноправните работи, а во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето на кое е изграден истиот било сопственост на Република Северна Македонија, барателот покрај доказите од ставот (1) на овој член, е должен да достави и уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.
(4) Во случаите кога предмет на утврдување на правен статус е бесправен надземен линиски инфраструктурен објект кој е поставен на столбови се доставува имотен лист и се решаваат имотноправните работи согласно со ставот (2), односно ставот (3) на овој член, само за земјиштето на кое е изграден столбот.
(5) Ставовите (2) и (3) на овој член не се применуваат за бесправни подземни линиски инфраструктурни објекти.
(6) Одредбите од ставот (1) алинеи 3 и 4, ставови (4) и (5) на овој член се применуваат и за линиски електронски комуникациски мрежи и средства.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### 4. Содржина на барањето за утврдување на правен статус на бесправно изградени/поставени електронски комуникациски мрежи и средства

### Член 8

(1) Барање за утврдување на правен статус на бесправно изградени/поставени електронски комуникациски мрежи и средства може да поднесе само правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со приоритетна дејност -телекомуникациски услуги.
(2) За утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно изградени на земјиште, барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус да достави:
- извод од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- изјава заверена кај нотар дадена под кривична и материјална одговорност со
која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето
во сила на овој закон и
- геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект со имотен лист за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект.
(3) Доколку бесправно изградените електронски комуникациски мрежи и средства се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно истите се изградени на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, барателот покрај доказите од ставот (2) на овој член е должен да достави и договор за долготраен закуп

на земјиштето склучен со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправно изградените електронски комуникациски мрежи и средства.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку бесправните електронски комуникациски мрежи и средства се изградени на земјиште кое не е сопственост на барателот или на Република Северна Македонија, односно земјиштето е сопственост на друго физичко или правно лице, односно бесправните електронски комуникациски мрежи и средства се изградени на земјиште кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а барателот нема склучено договор за долготраен закуп на земјиштето со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нема доставено изјава заверена на нотар со која сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронските комуникациски мрежи и средства и истите да се запишат во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, а во моментот на изградбата на бесправните електронски комуникацски мрежи и средства земјиштето на кое се изградени истите било сопственост на Република Северна Македонија, барателот покрај доказите од ставот (1) на овој член, е должен да достави уверение за движење за земјиштето на кое се изградени бесправните електронски комуникациски мрежи и средства и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година се изградени бесправните електронски комуникацски мрежи и средства.
(5) За утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно поставени на објекти, барателот е должен со барањето за утврдување на правен статус да достави:
- извод од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- изјава заверена кај нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон,
- геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправниот објект со имотен лист со запишано право на земјиштето под објектот на кој се поставени електронските комуникациски мрежи и средства,
- согласност од 51% од станарите или договор за поставување на електронски комуникациски мрежи и средства склучен со заедницата на сопственици на станови, ако електронските комуникациски мрежи и средства се поставени на колективен објект, односно од сопственикот ако се поставени на индивидуален објект.
(6) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства - колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа, барателите кои се иматели на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб на колокацијата, покрај доказите утврдени во овој член треба да достават изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или договор со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација.
(7) По прием на барање за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства надлежниот орган од членот 4 на овој закон, по службена должност доставува барање за мислење до Агенцијата за електронски комуникации.
(8) По исклучок од ставот (1) на овој член постапката за утврдување на правен статус се спроведува и доколку подносител на барањето е државен орган или други субјект основан од Република Северна Македонија.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## 5. Увид на самото место

### Член 9

(1) По приемот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, комисија формирана од министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот односно градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, ја утврдува фактичката состојба на самото место и составува записник за извршен увид на самото место со технички податоци за бесправниот објект и фотографии од истиот.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член се состои од лица кои се вработени во општинската, односно државната администрација и истата е составена од три члена од кои најмалку еден со завршено високо образование градежен инженер или инженер-архитект.
(3) Формата и содржината на записникот за извршен увид на самото место од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(4) По исклучок од ставот (1) на овој член не се утврдува фактичката состојба на самото место и не се составува записник за извршен увид на самото, доколку барањето за утврдување на правен статус се однесува за подземни линиски инфраструктурни објекти и за подземни линиски електронски комуникациски мрежи и средства.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.01.2015 >>*

## 6. Прекин на постапката

### Член 10

(1) Доколку со барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект не е доставен некој од наведените докази или земјиштето на кое е изграден бесправниот објект е со незапишани права, надлежниот орган во рок од десет работни дена од денот на приемот на барањето донесува заклучок за прекин на постапката и доставува известување до барателот за дополнување на барањето односно доставува барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спроведување на соодветна постапка за запишување на правата врз предметното земјиште согласно со Законот за катастар на недвижности, која постапка Агенцијата за катастар на недвижности ја спроведува по службена должност.
(2) Доколку со барањето за утврдување на правен статус е доставено и известување од нотарот повереник на оставинскиот суд дека се води оставинска постапка за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект, надлежниот орган во рок од десет работни дена од приемот на барањето донесува заклучок за прекин на постапката.
(3) Во случај на поднесени повеќе спротивставени барања за утврдување на правен статус на еден бесправен објект, од страна на повеќе баратели, надлежниот орган во рок од десет работни дена од приемот на барањето донесува заклучок за прекин на постапката, а ги упатува барателите на парничната постапка пред надлежен суд.
(4) Во случај кога е поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект чија намена не е во согласност со намената на земјиштето на кое е изграден објектот утврдена во важечката урбанистичко-планска документација, или бесправниот објект е изграден надвор од плански опфат, надлежниот орган донесува заклучок за прекин на постапката и по службена должност доставува барање до советот на општината, односно советот на општината во градот Скопје и Советот на градот Скопје заради донесување одлука дали во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши усогласување на намените, односно дали ќе се изврши проширување на планскиот опфат.
(5) Доколку изјавата на барателот дадена согласно со членот 6 став (4) од овој закон или изјавата дадена согласно со членот 6 став (6) од овој закон е оспорена пред надлежен орган од страна на корисникот на земјиштето, односно сопственикот или сосопственикот на земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и за тоа е доставен доказ, надлежниот орган од членот (4) од овој закон во рок од десет работни дена од приемот на доказот со кој се потврдува дека изјавата е оспорена, донесува заклучок за прекин на постапката.
(6) Барањето може да се дополни и по истекот на рокот од членот 5 став (2) на овој закон.
(7) Во случајот од ставот (1) на овој член постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе продолжи по дополнување на барањето односно по спроведување на постапката за запишување на правата врз предметното земјиште, во случајот од ставот (2) на овој член по доставување на правосилно оставинско решение, во случајот од ставот (3) на овој член по доставување на правосилна судска пресуда, а во случајот од ставот (4) на овој член по донесувањето на одлука од Советот на општината, односно Советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје, односно во случајот од ставот (5) на овој член по доставување на правосилна одлука од надлежен орган донесена во постапката во која е оспорена изјавата.
(8) Против заклучокот за прекин на постапката е дозволена посебна жалба.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 19.12.2015 >>*

## 7. Урбанистичка согласност

### Член 11

(1) Единицата на локалната самоуправа, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот во рок од една година од приемот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, односно од денот на продолжување на постапката, доколку истата била прекината, утврдува дали се исполнети условите за утврдување на правен статус пропишани со овој закон и издава урбанистичка согласност или донесува решение со кое се одбива барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот, освен за линиските инфраструктурни објекти и електронските комуникациски мрежи и средства, урбанистичката согласност ја издава по претходно мислење од единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е изграден бесправниот објект, за усогласеноста на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето на кое истиот е изграден, утврдена во важечката урбанистичко-планска документација.
(2) Единицата на локална самоуправа е должна мислењето од ставот (1) на овој член да го достави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот во рок десет работни дена од денот на приемот на барањето за мислење, во спротивно ќе се смета дека мислењето е позитивно и ако поради непостапувањето во иднина настанат штети, обврската за надоместок на штета ќе биде на товар на единицата на локалната самоуправа.

(3) Формата и содржината на урбанистичката согласност и решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 18.12.2012 >>*

### 8. Услови за издавање на урбанистичка согласност за бесправни објекти

**Член 12**

(1) Урбанистичка согласност за бесправни објекти од значење за Републиката, објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита и објекти од локално значење освен електронски комуникациски мрежи и средства и линиски инфраструктурни објекти се издава доколку се исполнети следниве услови:
- барањето за утврдување на правен статус е поднесено во рокот од членот 5 став
(2) на овој закон,
- изготвен е записник за извршен увид на самото место согласно со членот 9 на овој закон,
- бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон и истиот претставува градежна и функционална целина,
- бесправниот објект е изграден на земјиште на кое барателот има право на сопственост или право на користење, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија, или на земјиште за кое барателот има склучено договор за долготраен закуп со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или пак сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето има дадено изјава заверена на нотар со која е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект и истиот да се запише во јавните книги за запишување на правата на недвижности на име на барателот, или на земјиште пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба на кое како корисник во имотниот лист е евидентиран поранешниот сопственик, а барателот го користи земјиштето повеќе од 20 години од денот на склучување на договорот за купопродажба, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое право на користење има друго физичко или правно лице, кое не е пренесено од поранешен сопственик врз основа на договор за купопродажба или кое е пренесено од поранешен сопственик, но како корисник во имотниот лист не е евидентиран поранешниот сопственик или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија,
- бесправниот објект ги исполнува стандардите за геомеханика доколку истиот се наоѓа во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука согласно со членот 25 од овој закон,
- има согласност односно мислење од надлежен орган, доколку бесправниот објект се наоѓа во подрачјата и зоните наведени во член 18 ставови (1), (2), (3), (4), (5) и (6) од овој закон односно доставено е мислење од надлежниот орган од член 18 став (7) на овој закон дека не е предвидено проширување на трасата на патната и железничката инфаструктура и
- бесправниот објект може да се вклопи во урбанистичко-планската документација во согласност со стандардите од членот 19 на овој закон.
(2) При утврдување на исполентоста на условот од ставот (1) алинеја 7 на овој член за бесправните објекти изградени на земјиште на кое согласно со важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура, за бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера како и за бесправните објекти изградени во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, се применуваат само одредбите од стандардите од членот 19 од овој закон со кои се утврдува дали објектот е градежна и функционална целина, дали е склон на паѓање и дали има пристап до објектот, а овие објекти не се вклопуваат во урбанистичко-планската документација.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### 9. Услови за издавање на урбанистичка согласност за бесправни објекти кои се линиски инфраструктурни објекти

**Член 13**

(1) Урбанистичка согласност за бесправни објекти кои се линиски инфраструктурни објекти, се издава доколку се исполнети следниве услови:
- барањето за утврдување на правен статус е поднесено во рокот од членот 5 став (2) на овој закон,
- изготвен е записник за извршен увид на самото место согласно со членот 9 на овој закон,

- бесправниот објект е изграден пред влегувањето во сила на овој закон,
- бесправниот објект е изграден на земјиште на кое барателот има право на сопственост или право на користење или право на службеност, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое право на користење има друго физичко или правно лице, или на земјиште за кое барателот има склучено договор за долготраен закуп со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или пак сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето има дадено изјава заверена на нотар со која е согласен да се утврди правен статус на бесправниот објект, или на земјиште за кое е издадена потврда за решени имотноправни работи од страна на органот надлежен за имотно - правните работи, или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправниот објект земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија и
- бесправниот објект е функционална целина и може да се употребува.
(2) Во случаите кога предмет на утврдување на правен статус е бесправен надземен линиски инфраструктурен објект кој е поставен на столбови, условот од ставот (1) алинеја 4 на овој член се однесува само за земјиштето на кое е изграден столбот.
(3) Условите од ставот (1) алинеи 2 и 4 на овој член не се применуваат за бесправни подземни линиски инфаструктурни објекти.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## 10. Услови за издавање на урбанистичка согласност за бесправно изградени/поставени електронски комуникациски мрежи и средства

### Член 14

(1) Урбанистичка согласност за електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно изградени на земјиште, се издава доколку се исполнети следниве услови:
- барањето за утврдување на правен статус е поднесено во рокот од член 5 став (2) на овој закон,
- изготвен е записник за извршен увид на самото место согласно со членот 9 на овој закон,
- електронските комуникациски мрежи и средства се изградени пред влегувањето во сила на овој закон и претставуваат градежна и функционална целина,
- електронските комуникациски мрежи и средства се изградени на земјиште на кое барателот има право на сопственост или право на користење или право на службеност, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија, или на земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое право на користење има друго физичко или правно лице или на земјиште за кое барателот има склучено договор за долготраен закуп со сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето, или пак сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето има дадено изјава заверена на нотар со која изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на бесправно изградените електронски комуникациски мрежи и средства, или на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или кое е во сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, доколку во моментот на изградбата на бесправните електронски комуникациски мрежи и средства земјиштето било сопственост на Република Северна Македонија,
- електронските комуникациски мрежи и средства ги исполнуваат стандардите за статика, а доколку се наоѓаат во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука согласно со членот 25 од овој закон и стандардите за геомеханика,
- има позитивно мислење од Агенцијата за електронски комуникации,
- има согласност од надлежен орган, доколку електронските комуникациски мрежи и средства се наоѓаат во подрачјата и зоните наведени во членот 18 од овој закон и
- има изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или има договор склучен со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација, доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства - колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа.
(2) Во случаите кога предмет на утврдување на правен статус се надземни линиски електронски комуникациски мрежи и средства кои се поставени на столбови, условот од став (1) алинеја 4 на овој член, се однесува само за земјиштето на кое е изграден столбот.
(3) Условите од став (1) алинеи 2 и 4 на овој член, не се применуваат за подземни линиски електронски комуникациски мрежи и средства, а условот од ставот (1) алинеја 5 на овој член не се применува за надземни и подземни линиски електронски комуникациски мрежи и средства.
(4) Урбанистичка согласност за електронски комуникациски мрежи и средства кои се бесправно поставени на објекти се издава доколку се исполнети следниве услови:
- барањето за утврдување на правен статус е поднесено во рокот од член 5 став (2) на овој закон,

- изготвен е записник за извршен увид на самото место согласно со членот 9 на овој закон,
- електронските комуникациски мрежи и средства се поставени пред влегувањето во сила на овој закон и истите претставуваат градежна и функционална целина,
- има согласност од 51% од станарите или договор за поставување на електронски комуникациски мрежи и средства склучен со заедницата на сопственици на станови, ако електронските комуникациски мрежи и средства се поставени на колективен објект, односно од сопственикот ако се поставени на индивидуален објект,
- електронските комуникациски мрежи и средства ги исполнуваат стандардите за статика, а доколку се наоѓаат во потенцијално нестабилна зона за која е донесена одлука согласно со членот 25 од овој закон и стандардите за геомеханика,
- има позитивно мислење од Агенцијата за електронски комуникации,
- има согласност од надлежен орган, доколку електронските комуникациски мрежи и средства се наоѓаат во подрачјата и зоните наведени во членот 18 од овој закон и
- има изјава од имателот на антенскиот столб со која истиот изјавува дека е согласен да се утврди правен статус на електронската комуникациска опрема која колоцира со антенскиот столб или има договор склучен со имателот на антенскиот столб со кој е уредено правото на колокација, доколку се работи за електронски комуникациски мрежи и средства - колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа.
(5) Доколку е поднесено барање за утврдување на правен статус на електронски комуникациски мрежи и средства - колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа, условите од ставот (1) алинеи 4 и 5 на овој член, односно условот од ставот (4) алинеја 5 на овој член треба да го исполни само барателот кој е имател на антенскиот столб.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### Член 15

Членот 15 се брише.

---

*<< Консолидација: Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ слв. 31/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>*

### Член 16

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот е должен веднаш по издавањето на урбанистичка согласност примерок од истата да достави до единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа бесправниот објект.

## 11. Исполнување на стандарди

### Член 17

(1) Бесправните електронски комуникациски мрежи и средства кои не се линиски треба да ги исполнуваат стандардите за статика.
(2) Сите видови бесправни објекти кои се наоѓаат во потенцијално нестабилна зона, за која од страна на советот на единицата на локалната самоуправа е донесена одлука согласно со членот 25 од овој закон, освен линиски инфраструктурни објекти, треба да ги исполнуваат стандардите за геомеханика.
(3) За исполнувањето на стандардите од ставовите (1) и (2) на овој член барателот треба да достави основен проект - фаза статика, при што за електронски комуникациски мрежи и средства - колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа, основен проект - фаза статика треба да
достави само барателот кој е имател на антенскиот столб.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 31.07.2015 >>*

## 12. Согласност за утврдување на правен статус

### Член 18

(1) Доколку бесправниот објект е изграден во граници на заштитено подрачје утврдено со закон, односно во национален парк, споменик на природата, парк на природата, заштитен предел или повеќенаменско подрачје, во заштитен крајбрежен појас на природни езера, како и во прва и втора санитарно заштитна зона на извори на вода за

пиење, надлежниот орган од члено 4 од овој закон, по службена должност прибавува мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.
(2) Доколку бесправниот објект е изграден во подрачје на заштитено недвижно културно наследство (поединечни добра, целини и археолошки локалитети) надлежниот орган од членот 4 на овој закон, по службена должност прибавува согласност од Управата за заштита на културното наследство.
(3) Доколку бесправниот објект е изграден во подрачје во кое се врши или е планирана експлоатација на минерални суровини, надлежниот орган од членот 4 на овој закон, по службена должност прибавува согласност од Министерството за економија.
(4) Доколку бесправниот објект е изграден во заштитни зони на аеродроми, надлежниот орган од членот 4 на овој закон, по службена должност прибавува согласност од Агенцијата за цивилно воздухопловство.
(5) Доколку бесправниот објект е изграден во зони на гранични премини во радиус од 100 метри од граничната линија, надлежниот орган од членот 4 на овој закон, по службена должност прибавува согласност од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана.
(6) Доколку бесправниот објект е изграден во подрачје на кое со урбанистичките планови е предвидена изградба на инфраструктурни објекти и водови како и други објекти од јавен интерес утврдени со закон, надлежниот орган од членот 4 на овој закон, по службена должност прибавува согласност од органот во чија надлежност е изградбата на инфраструктурните објекти и водови, односно на другите објекти од јавен интерес утврдени со закон.
(7) Доколку бесправниот објект е изграден во заштитен појас на државни и локални патишта, односно во заштитен појас на железничка инфраструктура, надлежниот орган од членот 4 на овој закон по службена должност прибавува мислење од органот кој е надлежен за управување со патната и железничката инфраструктура, дали е предвидено проширување на трасата на патната и железничката инфраструктура.
(8) Надлежните органи од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член се должни да постапат по барањето на надлежниот орган од членот 4 од овој закон во рок од 30 дена од денот на приемот на истото, во спротивно ќе се смета дека немаат забелешки и ако поради нивното непостапување во иднина ќе настанат штети, обврската за надоместок на штета ќе биде на товар на органот, односно субјектот чие непостапување ја предизвикало штетата.
(9) Ставот (1) на овој член не се применува во случаите кога бесправниот објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера е со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.
(10) Ставовите (6) и (7) на овој член не се применуваат во случаите кога бесправниот објект е изграден на земјиште на кое согласно со важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 19.12.2015 >>*

## 13. Стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планската документација

### Член 19

Министерот кој раководи со органот надлежен за вршење на работите од обласа на уредувањето на просторот ги пропишува стандардите за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планската документација.

## 14. Надоместок за утврдување на правен статус

### Член 20

(1) По издавањето на урбанистичка согласност единицата на локалната самоуправа во рок од пет работни дена изготвува заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект и истата му ја доставува на барателот. Заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект кој се распределува меѓу градот Скопје и единиците на локалната самоуправа во градот Скопје согласно со ставот (9) на овој член, се изготвува од страна на градот Скопје, во рок од пет работни дена од денот на приемот на урбанистичката согласност во градот Скопје, којашто единицата на локалната самоуправа во градот Скопје е должна веднаш по издавањето да ја достави и до градот Скопје. За објектите за кои е издадена урбанистичка согласност од страна на органот на државната управа надлежен за работите од обласа на уредувањето на просторот, а за кои согласно овој член се предвидува плаќање на надоместок за утврдување на правен статус, единицата на локалната самоуправа изготвува заклучок во рок од пет работни дена од денот на приемот на урбанистичката согласност во единицата на локалната самоуправа и истиот го доставува до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од обласа на уредување на просторот. Против заклучокот за плаќање надоместок е дозволена посебна жалба.
(2) Висината на надоместокот за утврдување на правен статус за објектите со намена домување во станбени куќи согласно со правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, за трафостаници, за викенд куќи, за доградби на објекти со намена домување во станбени згради - тераси и тераси пренаменети во станбен простор и за

електронските комуникациски мрежи и средства изнесува 61,00 денар по м2 од изградената површина на бесправниот објект, која е утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен објект.
(3) Висината на надоместокот за утврдување правен статус на бесправните објектите од локално значење освен за објектите од ставот (2) на овој член и висината на надоместокот за утврдување правен статус на бесправните објекти на приватните и мешовитите здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита,е еднаква на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште кој се пресметува во постапката за добивање на одобрение за градење за овој вид на објекти, која е утврдена од единиците на локалната самоуправа до денот на влегувањето во сила на овој закон, при што предвид се зема изградената површина на бесправниот објект, утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен објект.
(4) Надометокот за утврдување на правен статус на станбени згради за колективно домување го плаќаат имателите на станови во станбената зграда. По донесување на заклучокот за плаќање на надоместокот, имателите на станови во станбената зграда можат заедно да го платат вкупниот износ или пак секој имател на стан може да го плати поединечно делот од надоместокот кој се однесува за неговиот стан.
(5) За објектите од значење за Републиката и за линиски инфраструктурни објекти согласно со Законот за градење и друг закон, чиишто иматели се државни органи, агенции и фондови основани од Република Северна Македонија, за објектите чиишто иматели се правни лица во доминантна сопственост на Република Северна Македонија за објектите од локално значење и за линиски инфраструктурни објекти согласно со Законот за градење чиишто иматели се единиците на локалната самоуправа и јавни претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа, како и за објектите на јавните здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, не се пресметува и не се плаќа надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект.
(6) За објектите од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон, чиишто иматели се приватни субјекти или други мешовити субјекти со доминантна приватна сопственост се пресметува и се плаќа надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект. Висината на надоместокот за овие објекти, освен за објектите од ставот (2) на овој член, е еднаква на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште кој се пресметува во постапката за добивање на одобрение за градење за овој вид на објекти, при што во предвид се зема изградената површина на бесправниот објект, утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен објект.
(7) За линиски инфраструктурни објекти чиишто иматели се приватни субјекти или други мешовити субјекти со доминантна приватна сопственост, како и за електронски комуникациски мрежи и средства кои се линиски инфраструктурни објекти, се пресметува и се плаќа надоместок во зависност од должината на линискиот инфраструктурен објект, односно мрежа која е утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување на фактичката состојба, и тоа: за должина до 1 км - 50 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на пресметката, за должина од 1 км до 10 км - 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на пресметката и за должина над 10 км - 150 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на пресметката.
(8) Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект, барателот може да го плати еднократно во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот или одложено на дванаесет месечни рати. Доколку надоместокот се плаќа одложено, барателот е должен со единицата на локалната самоуправа да склучи договор за одложено плаќање на надоместокот за утврдување на правен статус.
(9) Средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на сите видови бесправни објекти утврдени со овој закон, се приход на единиците на локалната самоуправа. Надоместокот за утврдување на правен статус за линиски инфраструктурни објекти и за електронски комуникациски мрежи и средства кои се линиски инфраструктурни објекти, кои поминуваат на подрачје на повеќе општини се дели подеднакво меѓу општините на чие подрачје поминува објектот. Приходите на единиците на локалната самоуправа во градот Скопје остварени од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, освен приходите од надоместокот за утврдување на правен статус на објектите од ставот (2) на овој член, се распределуваат во сооднос 60% за градот Скопје и 40% за единицата на локалната самоуправа во градот Скопје на чие подрачје е изграден бесправниот објект.
(10) Единиците на локалната самоуправа и градот Скопје се должни средствата собрани од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект да го користат наменски и тоа за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите и се должни да доставуваат годишен извештај за користењето на овие средства до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од
областа на уредувањето на просторот.
(11) Барателите од членот 6 на овој закон, кои се корисници на социјална помош не плаќаат надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект, при што истите се должни да достават потврда од надлежен орган дека се корисници на социјална помош.
(12) Доколку единицата на локалната самоуправа во рокот од ставот (1) на овој член не изготви заклучок за плаќање

на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект, барателот има право да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(13) Одлучувајќи по жалбата од ставот (12) на овој член органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот на единицата на локалната самоуправа ќе определи рок не подолг од десет дена за изготвување на заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект.
(14) Доколку единицата на локалната самоуправа не донесе заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот од ставот (13) на овој член, органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот ќе донесе заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект.
(15) Во случаите од став (14) на овој член единицата на локална самоуправа е должна по поднесено барање од страна на органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, во рок од пет работни дена од приемот на барањето на органот да му го достави актот со кој е утврдена висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за видот на објекти за кој се однесува заклучокот.
(16) По исклучок од ставот (9) на овој член доколку заклучокот за плаќање на надоместокот го изготви органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, средствата од надоместокот за утврдување на правен статус се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.
(17) Во заклучокот за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект од ставот (1) на овој член, не се утврдува рок за плаќање на надоместокот.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### Член 20-а

(1) Надместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект со повеќе намени се пресметува комбинирано согласно со висината на  надоместокот за соодветната намена на деловите од објектот чијашто површина е утврдена со геодетскиот елаборат за утврдување на фактичка состојба.
(2) При пресметување на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект за кој претходно е поднесено барање за издавање на одобрение за градење и е платен надоместок за уредување на градежно земјиште, а истиот е изграден без одобрение за градење или спротивно на одобрение за градење при што целиот објект е бесправен, не се пресметува надоместок за површината на бесправниот објект за која е платен надоместок за уредување на градежно земјиште, а за површината на бесправниот објект за која не е платен надоместок за уредување на градежно земјиште се пресметува надоместок чија висина е два пати поголема од висината на надоместокот кој се пресметува согласно членот 20 ставови (2), (3) и (6) од овој закон.
(3) Во случаите од ставот (2) на овој член барателот е должен да достави соодветен доказ за претходно платен надоместок за уредување на градежно земјиште во постапката за издавање на одобрение за градење за предметниот објект.
(4) Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект кој е составен од повеќе посебни делови, во случаите од став (2) на овој член, се дели на еднакви делови на сите иматели на посебни делови во објектот.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.01.2015 >>*

## III. Решение за утврдување на правен статус

### Член 21

(1) Со решението за утврдување на правен статус на бесправен објект се потврдува дека бесправниот објект од значење за Републиката, бесправниот објект од локално значење и бесправниот објект на здравствените установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита ги исполнува условите за вклопување во урбанистичко-планската документација и за запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижности, односно дека бесправните објекти изградени на земјиште на кое согласно со важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура, бесправните објекти изградени во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера, линиските инфраструктурни објекти и електронските комуникациски мрежи и средства, ги исполнуваат условите за запишување во јавната книга за запишување на правата на недвижности.
(2) За објекти од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон, за објекти на здравствените установи за терцијална здравствена заштита и за електронските комуникациски мрежи и средства, решението го донесува органот надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, а за објектите од локално значење согласно Законот за градење и за објектите на здравствените установи за примарна и секундарна здравствена заштита градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

(3) За објектите од значење за Републиката и за линиски инфраструктурни објекти согласно со Законот за градење и друг закон, чиишто иматели се приватни субјекти или други мешовити субјекти со доминантна приватна сопственост, за објектите од локално значење согласно со Законот за градење, за објектите на приватните и мешовитите здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, за електронските комуникациски мрежи и средства, надлежниот орган од ставот (2) на овој член е должен да донесе решение за утврдување на правен статус во рок од пет работни дена од денот на доставувањето на доказ за платен надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект или договор за одложено плаќање на овој надоместок или потврда дека барателот е корисник на социјална помош.
(4) За објектите од значење за Републиката и за линиски инфраструктурни објекти согласно со Законот за градење и друг закон, чиишто иматели се државни органи, агенции и фондови основани од Република Северна Македонија, за објектите чиишто иматели се правни лица во доминантна сопственост на Република Северна Македонија, за објектите од локално значење и за линиски инфраструктурни објекти согласно со Законот за градење чиишто иматели се единиците на локалната самоуправа и јавни претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа, како и за објектите на јавните здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, надлежниот орган од ставот (2) на овој член е должен да донесе решение за утврдувањето на правен статус во рок од пет работни дена од денот на издавањето на урбанистичка согласност.
(5) За станбени згради за колективно домување може да се донесе целосно решение за утврдување на правен статус на целиот бесправен објект, доколку сите иматели на станови во станбената зграда заедно го платиле, односно регулирале надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект или делумно решение за утврдување на правен статус на поединечни делови од бесправниот објект, доколку имател на стан поединечно го платил, односно регулирал делот од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект, кој се однесува за неговиот стан.
(6) За електронски комуникациски мрежи и средства - колокации за потребата на јавната мобилна комуникациска мрежа се издава поединечно решение за утврдување на правен статус за секоја опрема која е дел од колокацијата.
(7) Решението за утврдување на правен статус на бесправните објекти од значење за Републиката, бесправните објекти од локално значење, бесправните објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, линиските инфраструктурни објекти и електронските комуникациски мрежи и средства, кое е правосилно и извршно, претставува правен основ за запишување на правото на сопственост на објектот во јавната книга за запишување на правата на недвижности.
(8) Решението за утврдување на правен статус на бесправните објекти од значење за Републиката, бесправните објекти од локално значење, бесправните објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, линиските инфраструктурни објекти и електронските комуникациски мрежи и средства, кое е правосилно и извршно, надлежниот орган од став (2) на овој член, по службена должност го доставува до Агенцијата за катастар за недвижности, во електронска форма.
(9) При запишување на правото на сопственост на објектот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите се прибележува дека објектот добил правен статус согласно со Законот за постапување со бесправни изградени објекти.
(10) Формата и содржината на решението за утврдување на правен статус на бесправен објект од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(11) Во случаите кога е донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен објект од значење за Републиката, бесправен објект од локално значење, бесправен објект на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита, линиски инфраструктурен објект и електронски комуникациски мрежи и средства, кои се изградени на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице, односно кое е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице, а кое во моментот на изградбата на бесправниот објект, односно електронските комуникациски мрежи и средства било сопственост на Република Северна Македонија, решението кое е правосилно и извршно, во рок од десет работни дена од правосилноста се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија и во еден дневен весник кој се издава на македонски јазик, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на решението, а во општините, односно општините во градот Скопје во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на решението.
Доколку надлежниот орган од ставот (2) на овој член располага со податоци за сопственикот или сосопственикот на земјиштето, еден примерок од решението се доставува и до сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето.
(12) Трошоците за објавување и доставување на решението согласно со ставот (11) на овој член се на товар на барателот за утврдување на правен статус на бесправниот објект.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### Член 21-а

Членот 21-а се брише.

*<< Консолидација: Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ слв. 31/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>*

### Член 21-б

Урбанистичка согласност и решение за утврдување на правен статус на бесправен објект кои се издадени спротивно на одредбите од овој закон се ништовни.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 18.12.2012 >>*

## IV. Жалбена постапка

### Член 22

(1) Против решението, односно заклучокот на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа за утврдување на правен статус на бесправен објект и за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, односно заклучокот до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(2) Против решението, односно заклучокот на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, за утврдување на правен статус на бесправен објект и за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, односно заклучокот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

*<< Консолидација: Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ слв. 31/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>*

### Член 22-а

Членот 22-а се брише.

*<< Консолидација: Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон (ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ слв. 31/2016) ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) . >>*

## V. Откуп на земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое е изграден бесправен објект

### Член 23

(1) Земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое во јавната книга за запишување на правата на недвижностите има запишано право на сопственост на објект врз основа на решение за утврдување на правен статус на бесправен објект, по донесување на урбанистичко-планска документација со која е вклопен објектот доколку истиот претходно не е вклопен, сопственикот на објектот може да го откупи во согласност со Законот за градежно земјиште.
(2) Земјиште сопственост на Република Северна Македонија на кое во јавната книга за запишување на правата на недвижностите има запишано право на сопственост на електронска комуникациска опрема која е дел од колокација за потребата на јавна мобилна комуникациска мрежа, може да го откупи само сопственикот на антенскиот столб.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## VI. Отстранување на бесправни објекти

### Член 24

(1) Бесправните објекти кои нема да ги исполнат условите за издавање на урбанистичка согласност односно за кои ќе се донесе решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус ќе се отстранат согласно со одредбите на Законот за градење.
(2) Доколку се утврди дека по поднесувањето на барање за утврдување на правен статус се извршени доградби и надградби на бесправен објект за кој е поднесено барањето, ќе се донесе решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус без оглед дали бесправниот објект ги исполнува условите за утврдување на правен статус на бесправен објект.

### Член 24-а

Лицата кои ќе извршат доградба или надградба на бесправен објект за кој е поднесено барање за утврдување на правен статус, како и службените лица кои ќе донесат решение за утврдување на правен статус на бесправни објекти или делови од објекти кои не се евидентирани во записникот за увид на самото место изготвен согласно со членот 9 од овој закон, се кривично одговорни согласно со Кривичниот законик за кривичните дела бесправно градење, односно злоупотреба на службена положба.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 18.12.2012 >>*

## VII. Одлука за потенцијално нестабилни зони

### Член 25

Доколку на подрајчето на единицата на локалната самоуправа постојат потенцијално нестабилни зони, советот на општината е должен да донесе одлука со која ќе ги утврди границите на овие зони.

## VIII. Регистар за поднесените барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти

### Член 26

(1) Единиците на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот водат Регистар за поднесените барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти.
(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се води задолжително и во електронска форма.
(3) Единиците на локалната самоуправа примерок од регистарот од ставот (1) на овој член доставуваат до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за поднесување на барање за утврдување на правен статус.
(4) Формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 25.12.2017; Се применува од 01.01.2018 >>*

## IX. Надзор

### Член 27

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

### Член 27-а

(1) Инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Државниот управен инспекторат (во понатамошниот текст: инспекторат).
(2) Работите на инспекцискиот надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него, инспекторатот ги врши преку државните управни инспектори (во понатамошниот текст: инспектори).

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### Член 27-б

(1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите од членот 27-а од овој закон изрекуваат инспекциски мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно со Законот за инспекциски надзор.
(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека по прв пат е сторена неправилност од

членовите 11 став (1), 20 ставови (1), (10) и (15), 21 ставови (3),
(4) и (11) и 28-а од овој закон, со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник согласно со Законот за инспекциски надзор.
(3) Против решението на инспекторот од членот 27-а од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.
(4) Жалбата изјавена против решението на инспекторот од членот 27-а од овој закон не го одлага извршувањето на решението.
(5) За изречените опомени од ставот (2) на овој член, инспекторите од членот 27-а од овој закон водат евиденција.
(6) Формата и содржината на евиденцијата од ставот (5) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## X. Прекршочни одредби

### Член 28

(1) Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска проттиввредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице - административен службеник одговорно за спроведување на постапката за утврдување на правен стаус на бесправен објект и на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, ако:
- не издаде урбанистичка согласност, односно не донесе решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот утврден во членот 11 став (1) на овој закон,
- не изготви заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот од членот 20 став (1),
-не го достави актот со кој е утврдена висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, во рокот утврден во член 20 став (15) на овој закон и
- не донесе решение за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот утврден во членот 21 став (3) и став (4) на овој закон.
(2) Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска проттиввредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице - административен службеник одговорно за спроведување на постапката за утврдување на правен стаус на бесправен објект ако:
- не издаде урбанистичка согласност, односно не донесе решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот утврден во член 11 став (1) на овој закон и
- не донесе решение за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот утврден во членот 21 став (3) и став (4) на овој закон.
(3) Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице административен службеник одговорно за пресметка на надоместок во градот Скопје и на градоначалникот на градот Скопје, ако не изготви заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект во рокот од членот 20 став (1) од овој закон.
(4) Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска проттиввредност ќе му се изрече за прекршок на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, односно градот Скопје, ако единицата на локалната самоуправа, односно градот Скопје не достави годишен извештај за користење на средства од надместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот и/или се утврди дека овие средства ги користи спротивно на членот 20 став (10) од овој закон.
(5) Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице-административен службеник одговорно за спроведување на постапката за утврдување на правен стаус на бесправен објект ако не постапи согласно со членот 21 став (11) од овој закон и не го објави правосилното решение за утврдување на правен статус во Службен весник на Република Северна Македонија и дневните весници и ако не достави еден примерок од решението до сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето, доколку располага со податоци за истите.

---

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

### Член 28-а

Глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице, односно службеното лице во единиците на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за работите

од областа на уредувањето на просторот, доколку во рокот утврден во членот 4 од овој закон не воспостават електронско водење на Регистарот за поднесените барања за утврдување на правен статус.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

**Член 29**

Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции од членот 28 и членот 28-а на овој закон е надлежниот суд.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 09.08.2014 >>*

**Член 29-а**

(1) За прекршоците предвидени со овој закон, инспекторите од членот 27-а од овој закон пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд ќе спроведат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

**Член 29-б**

Одмерувањето на висината на глобата која е пропишана со овој закон се врши согласно со Законот за прекршоците.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## XI. Преодни и завршни одредби

**Член 30**

Единиците на локалната самоуправа се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправните објекти да ја донесат во рок не подолг од пет години од денот кога решението за утврдување на правен статус станало конечно.

**Член 31**

Постапките за отстранување на објектите од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон и на објектите од локално значење согласно со Законот за градење, како и управните и судските (кривичните и граѓанските) постапки во врска со изградба на бесправни објекти со наведената намена, започнати пред влегувањето во сила на овој закон, ќе запрат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 18.12.2012 >>*

**Член 32**

(1) Прописите утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Одлуката од членот 25 на овој закон единиците на локална самоуправа се должни да ја донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 33**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе важи петнаесет години од денот на влегувањето во сила.

*<< Консолидација: Влегува во сила на 07.08.2021 >>*

## ОДРЕДБИ

*поврзани со*

**ЗАКОН ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**ШТО НЕ ВЛЕГУВААТ**

автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 54/2011**

### Член 8

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 54/2011**

### Член 9

Одредбата од членот 6 став 1 на овој закон со која се менува членот 22 став (2) на овој закон, ќе започне да се применува од денот на започнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 54/2011**

### Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 155/2012**

### Член 24

Барателите кои кон барањето за утврдување на правен статус до влегувањето во сила на овој закон немаат доставено геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект, треба истиот да го достават најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а во спротивно надлежниот орган ќе го одбие барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

---

*ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ*
*Сл. весник на Р Македонија бр. 44/2014 од 05.03.2014*

*Член 4*
*Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 155/12), во членот 24 зборовите: најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон се заменуваат со зборовите: најдоцна до 31 декември 2015 година.*

*ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ*
*Сл. весник на Р Македонија бр. 217/2015 од 11.12.2015*

*Член 16*
*Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 155/12 и 44/14), во членот 24 зборовите: најдоцна до 31 декември 2015 година се заменуваат со зборовите: најдоцна до 31 декември 2016 година.*

автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 155/2012**

### Член 25

аден

Автоматски дод

При пресметување на висината на надоместокот за утврдување на правен статус на објектите од значење за Републиката согласно со Законот за градење и друг закон, чиишто иматели се приватни субјекти или други мешовити субјекти со доминантна приватна сопственост, предвид се зема висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за овој вид објекти која е утврдена од единиците на локалната самоуправа до денот на влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11) .

При пресметување на висината на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправните објекти се применуваат коефициентите кои се утврдени со Правилникот за степенот на уредувањето на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост до денот на влегувањето во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11) .

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 155/2012**

### Член 26

Започнатите постапки за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 155/2012**

### Член 27

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија во рок од 30 дена од објавувањето на овој закон да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 155/2012**

### Член 28

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 72/2013**

### Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 72/2013**

### Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 44/2014**

### Член 4

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 155/12), во членот 24 зборовите: најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон се заменуваат со зборовите: најдоцна до 31 декември 2015 година.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 44/2014**

## Член 5

Имателите на бесправни доградби на објекти со намена домување во станбени згради - тераси и тераси пренаменети во станбен простор, кои немаат поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, а на кои објекти заклучно со 3 март 2011 година се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна и функционална целина, можат да поднесат барање за утврдување на правен статус на бесправен објект најдоцна до 30 јуни 2015 година.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 44/2014**

## Член 6

Бесправните линиски инфраструктурни објекти - водоводни и канализациони системи, за кои не е поднесено барање за утврдување на правен статус во рокот утврден во членот 5 став (2) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11), се запишуваат во јавната книга за запишување на правата на недвижности со право на сопственост на Република Македонија врз основа на одлука на Владата на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 44/2014**

## Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 44/2014**

## Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 115/2014**

## Член 4

Единиците на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот се должни во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон да го воспостават Регистарот од членот 26 од овој закон во електронска форма.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 115/2014**

## Член 5

Прописот од членот 26 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13 и 44/14), кој се менува со членот 1 од овој закон, а со кој ќе се пропише и начинот на водење на Регистарот за поднесените барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти, ќе се донесе во рок од десет дена од влегувањето во сила на овој закон.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 115/2014**

## Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 115/2014**

## Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 199/2014**

## Член 12

(1) За предметите за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, поради недавање согласност од страна на органот кој е надлежен за управување со патната и железничката инфраструктура, согласно член 18 став (7) од Законот за постапување за бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12 и 115/14), надлежниот орган кој го донел решението е должен повторно да достави барање за мислење до органот кој е надлежен за управување со патната и железничката инфраструктура, дали е предвидено проширување на трасата на патната односно железничката инфраструктура, согласно одредбите на овој закон.

(2) Доколку органот кој е надлежен за управување со патната и железничката инфраструктура, достави мислење дека не е предвидено проширување на трасата на патната односно железничката инфраструктура, надлежниот орган за спроведување на постапката за утврдување на правен статус на бесправен објект, по службена должност го поништува решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус и ја продолжува постапката за утврдување на правен статсус на предметниот објект.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 199/2014**

## Член 13

Бесправните линиските инфраструктурни објекти-подземни далноводи како и далноводи кои се поставени на столбови изградени на земјиште сопственост на Република Македонија, чиишто иматели се правни лица во целосна сопственост на Република Македонија, а за кои не е поднесено барање за утврдување на правен статус во рокот утврден во член 5 став (2) на овој закон, се запишуваат во јавната книга за запишување на правата на недвижности со право на сопственост на Република Македонија врз основа на одлука на Владата на Република Македонија.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 199/2014**

## Член 14

Постапките за промена на барател кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно одредбите на законот по кој се започнати.

тски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 199/2014**

Автома

### Член 15

Започнатите постапки за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе продолжат согласно одредбите од овој закон.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 199/2014**

### Член 16

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 199/2014**

### Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

### Член 11

За предметите за кои до денот на влегувањето во сила на овој закон е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус за бесправен објект кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита, поради доставување на негативно мислење од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно со членот 18 став (1) од Законот за постапување за бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14), надлежниот орган кој го донел решението е должен по службена должност да го поништи решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус и да ја продолжи постапката за утврдување на правен статус на предметниот објект согласно со одредбите на овој закон, доколку објектот за кој е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус не е отстранет до денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

### Член 12

Имателите на бесправни инфраструктурни објекти и бесправни линиски електронски комуникациски мрежи и средства, кои немаат поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, а на кои објекти заклучно со 3 март 2011 година се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна и функционална целина, можат да поднесат барање за утврдување на правен статус на бесправен објект најдоцна до 31 декември 2015 година.

Барателите кои ќе достават барање за утврдување на правен статус согласно со ставот (1) на овој член, треба да доставаат геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект, најдоцна до 31 декември 2016 година, а во спротивно надлежниот орган ќе го одбие барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

Автоматски додаден

---

*ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ*
*Сл. весник на Р Македонија бр. 217/2015 од 11.12.2015*

*Член 17*
*Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 124/15) во членот 12 став (1) зборовите: најдоцна до 31 декември 2015 година се заменуваат со зборовите:*
*најдоцна до 31 март 2016 година, а во ставот (2) зборовите: најдоцна до 31 декември 2016 година се заменуваат со зборовите: најдоцна до 31 декември 2017 година.*

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

## Член 13

Одредбата од членот 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 44/14), и одредбата од членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 199/14), престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

## Член 14

Започнатите постапки за донесување на одлука согласно со одредбата од членот
6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 44/14) и одредбата од членот 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 199/14), ќе завршат согласно со одредбите од законот по кој се започнати.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

## Член 15

Имателите на бесправни доградби на објекти со намена домување во станбени згради-тераси и тераси пренаменети во станбен простор, кои ќе достават барање за утврдување на правен статус согласно со членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 44/14), треба да достават геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект, најдоцна до 31 декември 2016 година, а во спротивно надлежниот орган ќе го одбие барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

## Член 16

По барањата за утврдување на правен статус на трафостаници со напонско ниво од и над 10 КВ, поднесени согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11 и 54/11), постапките ги спроведува Министерството за транспорт и врски.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

## Член 17

Започнатите постапки за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 124/2015**

Автоматски додаден

## Член 19

томатски додаден

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 124/2015**

### Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 129/2015**

### Член 6

За предметите за кои до денот на отпочнување со примена на овој закон е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект изграден на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура

поради донесена одлука на Советот на општината односно Советот на општината

во градот Скопје или Советот на Градот Скопје со која е утврдено дека нема да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, како и решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој е изграден во заштитен крајбрежен појас на природни езера поради доставување на негативно мислење од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно член 18 став (1) од Законот за постапување за бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14 и 124/15), надлежниот

орган кој го донел решението е должен по службена должност да го поништи решението за одбивање на барањето за утврдување на правен статус и да ја продолжи постапката за утврдување на правен статус на предметниот објект согласно одредбите на овој закон, доколку објектот за кој е донесено решение за одбивање на барањето за утврдување на правен статус не е отстранет до денот на отпочнување со примена на овој закон.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 129/2015**

### Член 7

Одредбата од членот 23 став (1) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14 и 124/15) не се применува за бесправните објекти изградени на земјиште на кое согласно важечката урбанистичко-планска документација е предвидена изградба на сообраќајна инфраструктура за кои при утврдувањето на правниот статус не е донесена одлука од страна на Советот на општината односно Советот на општината во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје со која е утврдено дека ќе се изврши промена на трасата на собраќајната инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, за бесправните објекти кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на вештачки езера и речни корита и за бесправните објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 129/2015**

### Член 8

Започнатите постапки за утврдување на правен статус на бесправен објект ќе продолжат согласно одредбите од овој закон.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 129/2015**

Автоматски додаден

## Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 129/2015**

## Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 август 2015 година.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Сл.В. 217/2015**

## Член 13

(1) Сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници на кое е изграден бесправен објект за кој е донесено решение за утврдување на правен статус во корист на друго физичко или правно лице, имаат право да побараат од сопственикот на објектот или неговите наследници, да им ја надоместат пазарната вредност на земјиштето.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку пазараната вредност на земјиштето е поголема од пазарната вредност на објектот, а не се работи за објект за домување или објект од јавен интерес утврден со закон, сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници, имаат право да побараат од сопственикот на објектот или неговите наследници, да им ја надоместат пазарната вредност на земјиштето или пак да им припадне сопственоста на објектот, со обврска да му ја надоместат пазарната вредност на објектот на сопственикот на објектот или на неговите наследници.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, доколку сопственикот на објектот или неговите наследници, не ја надоместат пазарната вредност на земјиштето, сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници своите права можат да ги остварат во судска постапка пред надлежен суд, а при утврдување на вредноста на земјиштето, односно објектот, во предвид се зема пазарната цена во моментот на поднесување на тужбеното барање.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, доколку сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници тужбеното барање го поднесат по истек на 20 години од денот од денот на објавувањето на решението за утврдување на правен статус во Службен весник на Република Македонија, при утврдување на вредноста на земјиштето, односно објектот, во предвид се зема пазарната цена утврдена на денот на објавувањето на решението за утврдување на правен статус во Службен весник на Република Македонија.

(5) Доколку сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници не поднесат барање согласно со ставот (1) на овој член или ставот (2) на овој член, по истек на 20 години од денот на објавувањето на решението за утврдување на правен статус во Службен весник на Република Македонија, сопственикот на објектот или неговите наследници имаат право во судска постапка да се стекнат со сопственост на земјиштето на кое е изграден објектот.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член сопственикот на објектот или неговите наследници, можат да се стекнат со право на сопственост само на земјиштето кое е составен дел на градежна парцела на кое е изграден објектот за кој е донесено решението за утврдување на правен статус, освен доколку поинаку не ги уредат односите со сопствениците, односно сосопствениците на земјиштето или нивните наследници.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член во случаите кога на иста градежна парцела покрај објектот за кој е донесено решение за утврдување на правен статус се наоѓа и објект на сопственикот, односно сосопственикот на земјиштето или нивните наследници или пак е предвидена површина за градење согласно со урбанистичко-планската документација, сопственикот на

објектот за кој е донесено решение за утврдување на правен статус или

неговите наследници, можат да се стекнат со право на сопственост само на земјиштето под објект.

(8) Одредбите од овој член се применуваат за сите видови на бесправни објекти за кои е донесено решение за утврдување на правен статус, а кои се изградени на земјиште кое е сопственост на друго физичко или правно лице или земјиштето е сосопственост на барателот и друго физичко или правно лице.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Автоматски додаден Автоматск

Автоматски додаден

**Сл.В. 217/2015**

Автоматски додаден

## Член 14

(1) Доколку се утврди дека по поднесување на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, со право на сопственост или сосопственост на земјиштето на кое е изграден објектот врз основа на решение за приватизација на градежно земјиште или решение за денационализација се има стекнато физичко или правно лице кое не е подносител на барањето за утврдување на правен статус, а донесено е решение за утврдување на правен статус, надлежниот орган доставува известување до подносителот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект, во рок од 30 дена да достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект.

(2) Доколку подносителот на барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект достави уверение за движење за земјиштето на кое е изграден бесправниот објект и изјава заверена на нотар, дадена под кривична и материјална одговорност, во која ќе потврди која година е изграден бесправниот објект, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, решението за утврдување на правен статус останува во правна важност и се применуваат одредбите од членот 13 од овој закон, а во спротивно се поништува решението за утврдување на правен статус и се донесува заклучок за прекин на постапката согласно со членот 10 став (1) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12,115/14, 199/14, 124/15 и 129/15) .

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 217/2015**

Автоматски додаден

## Член 16

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 155/12 и 44/14), во членот 24 зборовите: најдоцна до 31 декември 2015 година се заменуваат со зборовите: најдоцна до 31 декември 2016 година.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 217/2015**

Автоматски додаден

## Член 17

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 124/15) во членот 12 став (1) зборовите: најдоцна до 31 декември 2015 година се заменуваат со зборовите:

најдоцна до 31 март 2016 година, а во ставот (2) зборовите: најдоцна до 31 декември 2016 година се заменуваат со зборовите: најдоцна до 31 декември 2017 година.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 217/2015**

Автоматски додаден

## Член 18

Постапките за утврдување на правен статус на бесправен објект кои се започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 217/2015**

Автоматски додаден

## Член 19

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

одаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

Сл.В. 217/2015

### Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 31/2016**

### Член 8

Одредбите на членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15) .

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 31/2016**

### Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**Закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти**

**Сл.В. 190/2017**

### Член 2

(1) Имателите на бесправни објекти утврдени во членот 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), на кои објекти заклучно со 3 март 2011 година се изведени градежните и инсталатерските работи во целост и истите претставуваат градежна и функционална целина, можат да поднесат барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од денот на започнувањето на примената на овој закон до 31 декември 2018 година.

(2) Барателите на кои до денот на започнувањето на примената на овој закон им било одбиено барањето поради некомплетирана документација пропишана во членовите 6, 7 и 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), можат да поднесат ново барање за утврдување на правен статус на бесправен објект, во рок од шест месеци од денот на започнувањето на примената на овој закон.

(3) Барателите кои немаат доставено геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект во роковите од членот 15 став (2) и членот 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија бр.
217/15), можат да достават геодетски елаборат за утврдување на фактичка состојба на бесправен објект најдоцна до 30 јуни 2018 година.

(4) Барателите кои во рокот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, со барањето нема да ја достават потребната документација утврдена во членовите 6, 7 и 8 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Службен весник на Република Македонија број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), надлежниот орган ќе им го одбие барањето за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**Закон за изменување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти**

**Сл.В. 190/2017**

### Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2018 година.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 174/2021**

### Член 6

автоматски д
автоматски додаден
автоматски додаден
автоматски додаден
автоматски додаден
оматски додаден

Низ целиот текст на законот зборовите: "Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Република Северна Македонија".

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 174/2021**

## Член 7

Подзаконските прописи пропишани со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 174/2021**

## Член 8

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Автоматски додаден

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ**

**Сл.В. 174/2021**

## Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".